Не се случило само она што не било во весниците

ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 165

Октомври 2026 г.

цена 20 денари,

Елена МЕЛТОН,
штипјанка која живее во Англија



И ВО АНГЛИЈА КАКО И ВО МАКЕДОНИЈА ТЕШКО СЕ ЖИВЕЕ СО САМО ЕДНА ПЛАТА

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

EAM T-SHIRT INDUSTRY

м-р Ристо Нетков, претседател на Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци“



ЗА ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА ИМА СВЕТЛО НА НАДЕЖТА



ШТИП ИМА СВЕТСКИ МЛАДИНСКИ ШАМПИОН ВО КАРАТЕ: МАРКО ЏОРЛЕВ

Иван Јорданов



ГОДИНА НА ВИДНИ ПРОМЕНИ ЗА ШТИП



ЗНАЧАЈНА НАГРАДА ЗА СТЕФАН ОНЧЕВ НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ВО ИТАЛИЈА



М-р Аљоша Кацаров

ИЗГУБЕНИ ВО ПРЕВОДОТ

Иван Бојаџиски

ВИСТИНА БИЛО, САМО ДОМА СИ Е ДОМА



Кога ќе запознаам наша личност која живее во тнр. „разиен свет“ (развиен во секоја смисла, не само во екомномска) задолжително правам интервју. Целта ми е лично да се уверам, и тоа уверување да го доставам до јавноста преку овој весник, во разликите кои се јавуваат на полето на квалитетот на животот некаде надвор од нашата Македонија и овде внатре во убава ни држава.

И, речиси најголем дел од моите „надворешни“ соговорници истакнувале еден факт: дека приказните за убавиот живот надвор од нашите граници не почиваат на реалноста. И во Европа не цветаат рози. Посебно не во областа која ние секојдневно ја нарекуваме убав живот. Според моите бројни соговорници кои наместо дома, во татковината, решиле лебот да го заработуваат во туѓина, не е само тежината на чинот од откорната грутка родна земја најголем проблем, туку дека и приказните за некаков убав живот најчесто е приказна за да не се признае поразот од одлуката да се замине некаде во белиот свет.

Во овој број на весникот на темата дома и надвор разговараме со Елена Мелтон штипјанка која животот ја однел во Англија. И оваа наша сограѓанка тврди дека и во земјата која важи за една од економски најнапредните во Европа не може да се живее од само една плата. Познато? Па, секако да, таа мисла дека не може да се живее од само една плата е некаков лајтмотив кој на дневна основа го слушаме и кај нас, во Македонија, држава за која европската статистка вели дека во неа живеат едни од најсиромашните луѓе на стариот континент.

Но, ако е така се поставува прашање има ли разлика меѓу дома и надвор ако и тука како и таму тешко може да се живее од само една плата? Има разлика, и тоа каква! Животот не го чинат само парите. Надвор го немаш тоа што го имаш дома. А тоа е најскапоценото нешто кое човекот го прави човек. Твоето семејство, татко, мајка, брат, сестра, твоите роднини, школските и маалски другари, поширокаата заедница, твоите Отиња и Брегалница, Исарот и Баргала, омилената кафуле, а можеби и театарската претстава која на својот мајчин јазик си посакал/а да ја проследиш.

Конечно, и тука дома, барем во последните дваесеттина години, имаш отворен простор да најдеш работа, да работиш и да заработиш за нешто повеќе од она кое се нарекува социјален живот...Мал милион огласи за вработување се објавуваат секојдневно, посебно во нашата локална индустрија, но бројот на оние кои сакаат да работат и да заработат дома е на многу ниско ниво. Зошто е тоа така? Од каде таа помисла дека секаде е подобро од дома?

Изговори има безброј. Но тоа не ја доловува целосно сликата за оваа наша трагедија која глорифицира се што е туѓо, а го намалува значењето на се што е наше. Поради ова мислам дека тука се работи за голема тема на која овој наш Штип, како индустриски центар на еден регион, треба да организира поширока дебата преку која ќе се обиде да го детектира проблемот со глорификацијата на странското на штета на домашното.

Ова посебно зашто ние си имаме една прекрасна, речиси философска мисла: дека само дома си е дома. Таа мисла треба да ни биде водилка кога (и ако) направиме голема дебата по ова прашање и ако реализираме систем кој ќе обезбеди нашите луѓе својата егзистенција, својот мир и спокој, својот пристоен живот да го видат во можностите кои им ги нуди нивната татковина.

* * * * *

Во овој број на Штипски Глас донесуваме и информација за нештата кои како град, како заедница на која второто име и било солидарност, во еден оптимален временски рок сме граделе објекти кои со децении, секако и денес, и служеле и служат на заедницата. Најголем дел од тие објекти се градени со солидарни средства на граѓаните, стопанските организации, земјоделските комбинати и стопанства, хонорарната добивка на поединци...Во големата солидарна акција биле вклучени сите граѓани на било каков начин заработувале пари, но и работните организации од своите добивки.

Зошто тоа го сметав за важно да се знае?

Затоа што доаѓаат нови и нови генерации, а јас кога ќе седнам со некои од нив на кафе муабет слушам како се интересираат кога и како е изградена зградата на општината, домот на култура, здравствениот дом, некое училиште, градскиот водовод и така натаму. Дебатираме на таа тема, а јас лично гледам и сведочам на недоволна информираност за тоа што ние, постарите генерации, сме работеле во нашите животи.

И затоа од овој број, по една страница од весникот ќе посветуваме на информации за тоа како нешто настанало во Штип и општината. За младите да знаат, а кога знаеш тогаш многу повеќе го почитуваш тоа што го имаше, и ги почитуваш тие кои тоа го изградиле.

И, за крај. Како советник со осумгодишен стаж во Советот на општината, предложив, а мојот предлог беше прифатен, да се формира солидарен фонд во кој сосема мала сума пари, ќе уплатува секој граѓанин и секоја организација која доброволно ќе сака да биде дел од солидарното штипско семејство. Фондот беше формиран но до денес тој не заживеа во смислата за која е создаден. И за тоа ми е жал, зашто и денес сметам дека Штип без мака може пак да си го врати еден од најубавите некогашни епитети-Град на солидарноста.

Елена МЕЛТОН, штипјанка која живее во Англија

И во Англија како и во Македонија тешко се живее со само една плата



Елена, кога заминавте на работа во Англија и која беше причината за таквиот ваш потег?

Беше тоа во 2000 година, заминав со бебиситерска виза која во тоа време беше достапна. Имав завршено средно текстилно училиште, насока моделарство како дел од генерација 94'. Заминав бидејќи после распадот на Југославија перспективите за работа на младите кај нас не беа големи, а плус и тоа тука владеа партиски односи при што народот се делеше, па јас се одлучив да заминам од државата и родниот град, иако тоа го направив со тешко срце. Инаку, живеам во Петерборо, а работам во Бедфорд.

Како ви тргна во туѓина?

-Почетните години секогаш се интересни и истовремено тешки во туѓа земја, со слабо познавање на јазикот и со големи предизвици, а тогаш ја немавме ниту денешна технологија која овозможува полесно комуницирање и со тоа обезбедување доволно квалитетни информации. Во Англија се омажив и ги добив моите деца ќерката Ребека и синот Адам кои денес се во возрасно доба.

Заминавте за подобар живот, го остваривте ли сонот?

-Прво што сакам да кажам е тоа дека Англија е земја која овозможува да се обучат и опортунистички да се земат курсеви, а со обука може да се работи на позиции каде што многу повеќе се гледа праксата отколку дипломата. Сепак сакам да наведам дека дипломата не се негира и таа е потребна за поголеми позици, но сепак праксата и способноста на работната сила се поважни. Јас изразив желба да се пронајдам во детската игра за што добив диплома за тоа, меѓутоа посакав да испробам и други позиции каде што се пронајдов во здравството, и тоа е остварување на дел од мојот сон. Во таа важна област со годините и искуството ми се пружи прилика да се обучам како техничар што таму е нешто помеѓу болничар и сестра, а кои позиции во нашето здравство ги нема. На крајот изразив желба за друг предизвик возач на амбулантно комбе со тренинг прв респонд (некој кој одговара, реагира или возвраќа) и на таа позиција успеав.

Што практично значи тоа?

-Во Велија Британија брзата и спората помош која ја има се под ист систем . Разделени се во два оддела каде едниот тим е спремен и обучен за итни случаи, а другиот сектор / тим е обучен за транспорт на хроничните пациенти до нивните морални здравствени термини што ги одржуваат во живот. Тоа е нешто што го немаме во Македонија.Во тој сектор тимот е обучен со направи и елементи што се употребуваат да се пренесат пациентите со индивидуална потреба на нивната здравствена подвижност и пречките што се околу нивното живеалиште . Нема дискриминација помеѓу машки и женски пол. Не како во Штип што го искусив со офф роад групата. И сето тоа се работи со голема дискреција на пациентите и нивните лични податоци и индивидуални со лични потреби што и се одземени од здравствени причини.

Како таму се работи во здравството, што е од посебна важност?

Прво и мошне важно е тоа што во здравството таму се работи со емпатија и дискреција што, според мене е малку поразлично и недостасува во Македонското здравство. Ако ме прашате дали има емпатија надвор од здравството тогаш ќе кажам дека британскиот народ е ладен, себичен и покрај тие симптоми се губи духовниот живот. Меѓутоа се развиваат некои други групи што се обидуваат да се дружат или да се пронаоѓаат во нешто.



Колку пати во годината доаѓате во Штип?

Последните 2 години доаѓам почесто во родниот град, речиси секоја трета недела да ја посетам мојата болна мајка. И каде што со голема доза на разочарување видов дека нашето македонско здравство нема спроведено систем за неподвижни, тешко хронично болни пациенти. Од друга страна мојата работа и системот таму ми овозможува да работам флексибилно и да патувам, иако сакам да појаснам дека секаде баш и не е така.

Кај нас премногу се глорифицира квалитетот на живеачката во странство наспроти кај нас, дома. Што би рекле Вие за тоа?

И во странство е тешко со една плата да се истера месецот, што е исто како и тука. Би рекла дека секоја земја си има свои предности и негативности. Во таа приказна многу работи зависат и од нас самите, од секој поединец. Од тоа кои сме и каде се пронаоѓаме, каква подршка имаме и уште ред други работи. Мене ми е најтешко што моите деца во Англија порасна без круг на роднини и за мене тоа е многу негативна страна во живеењето во туѓина.

м-р Ристо Нетков,
претседател на Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци“

За Домот за стари лица има светло на надежта



Ристо Нетков магистер во областа на безбедноста кој во моментов работи и на својот докторат е претседател на Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци. Со оглед на фактот дека ова задружени има 10.531 член, тоа значи дека Нетков е на чело на најбројната организација во двете општини. Со г-дин нетков разговараме за сите важни аспекти од постоењето и работата на ова здружение.

Г-дин Нетков, кое е вашето CV во времето на пензионерските години?

- Во пензионерскиот живот активно сум вклучен од 2015 година, почетокот ми беше пред се на спортски план со учество на 10 републички првенства од кои сум носител на 9 медаљи. Во последните години сум ангажиран на полето на фолкорот и културата така да оваа година направивме хорска група од 40 члена, што е реткост за пензионерските здруженија и имавме неколку настапи како во земјата така и надвор од неа.

Факт е дека Штип бил и сеуште е индустриски град во кој доминира/ла трудоинтензивната текстилна индустрија чија одлика била и е да обезбедува големо вработување, а токму поради трудоинтензивноста и слабата акумулација не била во можност да дели повисоки плати. Прашањето ни е колку пензионери има здружението со кое вие раководите и какви се пензиите на поголемиот дел од членовите?

Се согласувам со констатацијата дека пензиите на нашите членови се минимални со оглед на тоа дека поголемиот број работеле во фирми кои во транзицијата се затворија и многу голем број на нашите членови останаа без работа и мораа да се преквалификуваат и да бараат работа во повозрасни години. Според нашите анализи околу половина од нашите членови се со минимална или просечна пензија додека останатиот дел зема малку повисока пензија. Ова доведува до заклучок дека дел од пензионерите и после пензионирањето, а со цел да обезбедат стабилна финасиска подршка, продолжуваат со работа во дел од фирмите каде порано работеле, или пак се занимааваат со друга дополнителна работа.

Најактуела тема која ги тангира пензионерите во Македонија е начинот на кој (ќе) се зголемуваат нивните пензии. Едни се за линеарно, други за процентуално услогласување, согласно уплатите на секој поединец во пензискиот фонд. Има ли по ова прашање штипскот здружение свој став, ако има кој е ставот?

Ова е едно од прашањата кое бара малку поголема анализа и согледување низ повеќе проекции.Сите знаеме дека една визија имаме додека сме во работен однос, а друга кога стануваме пензионери.На многу пати ова прашање се има дискутирано помегу нашите членови и секој пат има различни дискусии по однос на истото. **На мислење сме дека ова прашање треба системски да се решава, каде покрај пензиите на оние со ниски пензии, треба да им се даваат и друг вид на помош, (субвенции,за струја,ослободување од плакање одреден надомест, помал данок за наплата и друг вид на бенефити кои е потребно да се решаваат преку релевантните институции).**

Една од најактуелните теми за штипските пензионери и вашето здружение е состојбата со домот за стари лица.Темата е актуелна 12 години. Вашето здружение таму вложи над 400,000евра (според други извори 600.000). Во што е проблемот што изградбата е прекината, односно да ли нова надеж е тоа што лани и



годинава на барање на општина Штип, во соработка со 1Владата е покренатa постапка за враќање на недовршениот дом во сопственост на Општината .Целта на ова барање е локалната самоуправа да ја превземе сопственоста, да ја докомплетира документацијата и да најде начин за неговото конечно завршување. Во октомври 2026 година ресорното министерство потврди дека се разгледуваат решенија за надминување на бирократските пречки за домовите во Штип и Пробиштип. Да ли сте оптимисти дека работа ќе се придвижи од мртва точка.

Точни се сите ваши забелешки во врска со домот но морам на почетокот да истакнам дека секој пат треба да бидеме оптимисти дека секоја започната работа ке се заврши. Сакам да истакнам дека е ова едно од најболното прашање кое ги тангира пензионерите, иако во изминатиот период имавме многу активности на ова поле. Имено одевме на серија сотаноци во локалната самоуправа, министерствот за труд, катастерот на РМ, министерството за транспорт за на крајот на два пати да одиме во Владата со цел да се продолжи со градбата на самиот објект. **Се надевам дека во најскора време со ангажман на локалната самоуправа конечно и овој дечениски проблем ќе биде решен.**

Кој е капацитетот на Домот?

Капацитет е за 104 лица, а самиот проект е правен по најсовремени стандарди, со посебни соби и купатила, два лифта, кујнски и трпезариски дел, со постојан мониторинг на целиот објект, и со 24 часа здравствена нега на лицата кои ќе престојуват во домот. Покрај ова се предвидени и други содржини во склопот на самиот објект, кој има околу себе и парк со површина од околу 2.000 метри квадратни.

Според објавата на Сојузот на пензионери на Македонија во државата има 450 пензионерски клубови, колку ги има во Штип колку во Карбинци и која е нивната улога, и колку пензионери минуваат на месечна основа во тие клубови, колку ги чуствуваат како свој втор дом?

Основна намена на клубовите е пензионерите рационално да го користат своето слободно време во нив. Здружението на пензионери Штип на подрачјето на Штип има 7 клубови и тоа еден централен лоциран во објектот на ЗП Штип и 6 по ограноците, а на подрачјето на Карбинци има еден клуб лоциран во село Таринци. Клубовите се со намена како основни катчиња за своето слободно време пензионерите да се собираат, рекреираат договараат, како и да се занимаваат со играње на шах, табла, пикадо и други игри, а тие служат и како објекти за подготовки за спортски натпревари како и за културно фолкорни настани. Клубовите работат во попладевните часови и се опремени со сите неопходни средства и реквизити кои се неопходни за функционирање на вакви објекти.

Каква е Вашата соработка со локалната власт во Штип и во Карбинци и на кое поле се одвива таа.

-ЗП Штип со своите 10.531 чен е активен учесник во сите настани кои се организииираат од страна на локалната управа, со тоа што учествува во повеќе тела и комисии, како по урбаните заедници, така и во градот. Посто- јано се присутни на полагање на цвекиња организирано од Сојузот на борци, учество во разни хуманитарни акции и еколошки настани, а имаме и прекрасна соработка со Црвениот крст.

Дали во клубовите имате предавања од значење за пензиоерската популација, за нивнот здравје пред се..

Сакам да истакнам дека ЗП Штип е едно од поактивните здруженија на ова поле така што имавме чест гост да ни биде и проф.др Тодор Чепреганов, а **најмалку по два пати во месецот се организира посета на лекари специјалисти по разни области каде имаат предавање на одредена тема а потаа и низ лични разговори даваат**

ЗА ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА: Постои надеж дека во блиска иднина, со ангажман на локалната самоуправа, конечно и овој дечениски проблем да биде решен и Штип ќе има еден од најубавите и најфункционални вакви домови во државата за 104 негови корисници.



совети како да се сочува здравјате на возраста популација. Исто така во соработка со Средното медицинско училиште и Црвен крст на повеќе пати во годината се организира мерење на крвниот притисок и шекерот во крвта, и други неопходни лекарски совети.

Познати сте по тоа што за вашите членови организирате многу ескурзии, имате настапи на фолкорни собир, имате и активности во областа на кул- турата, па дури и учествувате на спортски пензионерски натпревари...Да ли сето тоа е на барање на вашето членство и како на овој план беше годинава?

По однос на културата ќе напоменам дека тоа е една од целите предвидена во Статутот на ЗП Штип каде во текот на предходната година се изготвува Програма за работа на ова поле и потоа, во наредната година, истата се реализира. Во текот на годината се организираат регионални културно фолкорни средби, а потоа и републички на ниво на Сојуз. Нашето здружение секој пат е застапено на овие средби со играорна или пејачка група. Исто така се организра и средби со други здруженија на полето на фолкорот, поетско литературни средби и други настани кои се предвидени во програмата за работа. Земаме учествуво и на домашни и меѓународни фестивали со пејачката и фолкорната група. Што се однесува до екскурзиите се настојува тие да бидат рекреативни и едукативни така да секој пат тие имаат своја содржина, секогаш со цел од секоја ескурзија да се понесат одредени спомени. Во текот на годината се организираат и така наречени републички манифестации каде активно учествува и нашето здружение.

Во областа на спортот исто така се организираат регионални и републички спортски игри, и можам да истакнам дека секој пат сме меѓу најдобрите, а во 2023 година го освоивме и првото место на републичките спортски игри. Оваа година од 6 дисциплини освоиме 4 медаљи на републичките игри во Охрид. Традиционално секоја година организраме неколку турнири во шах и табла и тоа како меѓу себе така и со други здруженија.

Колку Вашите активности се застапени во весникот Пензионер плус имате ли соработка со редакцијата заади информирање начленството?

ЗП Штип има свој дописник во редакцијата на Сојузот и тој постојано ги следи сите активности на Здружението и редовно и континуирано извествуа со објави и дописи во сојузот, со што постојано сме присутни со прилози во весникот, а повремено се прават и интервјуа со наши членови.

Што вели Вашиот статут, колку мандати еден член може да биде на чело на организацијата?

Согласно Статутот мандатот на председателот и членовите траат 4 години без ограничување, а во својот состав Собранието има Извршен одбор, комисии за култура, спорт, економија, здравство, а по потреба се формират и други комисии по одредени области.

ЗА ПЕНЗИИТЕ: На мислење сме дека ова прашање треба системски да се решава, каде покрај пензиите на оние со ниски пензии, треба да им се даваат и друг вид на помош, како субвенции за струја, ослободување од плакање одреден надомест, помал данок за наплата и друг вид на бенефити кои е потребно да се решаваат преку релевантните институции.

Нов сет на услуги со мултидисциплинарниот кабинет за дојка и новата лабораторија во штипската болница



Во месецот во кој се обидуваме да ја подигнеме свеста за борба против ракот на дојката, еден од најчестите канцери, речиси 1.000 жени годишно добиваат рак на дојка и тоа претставува значаен здравствен проблем за жените и за општеството. Меѓутоа, тука сум да ги видам и новите услуги кои се воведени во Клиничка таболница, новата лабараторија, новиот сет на услуги, а веќе наредната недела ќе најавиме и нови услуги на Неврологија. Целта ни е на таа нова зграда што ќе се гради да почнеме да ѝ даваме содржина бидејќи здравството не го чинат зградите, го чинат луѓето и нивната работа“ – истакна Клековски.

Министерот за здравство Сашо Клековски месецов го посети мултидисциплинарниот кабинет за дојка во рамките на Клиничката болница Тој информира дека речиси 1.000 жени годишно заболуваат од рак на дојка.

Директорот на Клиничката болница – Штип, Владко Захариев, информира дека е формиран мултидисциплинарен кабинет за дојка со цел пациентките побргу и поефикасно да добијат преглед и конечна дијагноза. Во него ќе работат специјалисти од повеќе области, а предвидено е тимот дополнително да се прошири со психијатри и психолози.

„Ја реализиравме идејата што беше дадена до Клиничката болница – Штип по повод реализација на т.н. Розов октомври, или месецот за борба против ракот на дојка. По добиените информации што ги имаме, во Клиничката болница – Штип, координирано со специјалистите што работат овде, успеавме да креираме еден мултидисциплинарен кабинет за дојка, кој ќе биде еден регионален кабинет за пациентите што имаат веќе некоја патологија на дојките за да може побргу и поефикасно да добијат преглед и конечна дијагноза. Во овој кабинет има повеќе специјалности, тоа ќе бидат рендгенолози, хирурзи, онколози, патолози и понатаму ќе ги проширие со психијатри и психолози – рече Захариев.

Рендгенологот во Клиничката болница – Штип, Габриела Димова, истакна дека целта на мултидисциплинарниот кабинет е да се намали времето на чекање за пациентките и да се обезбеди побрза и поефикасна дијагностика преку координиран пристап на повеќе специјалисти.

„Целта на овој кабинет ќе бидат жените што имаат некаква маса и се упатени од пластичен хирург да можат побргу да закажат за биопсија, со тоа што времето на чекање ќе биде скратено значително многу, нема да бидат упатувани во кабинет за дојка, туку директно ќе бидат во овој мултидисциплинарен центар. По упатувањето на биопсија, таа ќе биде изведена бидејќи овој кабинет ќе функционира заедно со патолог, онколог, пластични хирурзи. Работното време е секој ден од понеделник до петок, со закажување – изјави Димова.



Градоначалникот **Иван Јорданов** за направеното во 2026 година

Година на видни промени за Штип

Годината 2026 е година на продолжена работа, конкретни резултати и видни промени за Штип. Година во која продолжуваме да инвестираме во подобра инфраструктура, подобри услови за живот и поголема поддршка за децата, младите и сите граѓани“.

Ова го рече градоначалникот Иван Јорданов како негов отчет пред граѓаните за сé она кое локалната власт го има направено во изминатите девет месеци од тековната година. „Таткото“ на градот во обраќањето преку социјалните мрежи говореше и за идните зафати на кои општинската власт е силно посветена.

„Во текот на оваа година обезбедивме финансиска поддршка на семејствата на децата со попреченост вклучени во редовната настава во сите општински основни училишта преку програмата за социјална, детска и здравствена заштита. Истовремено продолживме и со континуирана поддршка на младите преку доделување стипендии на ученици и спортисти од основните и средните училишта“, посочи Јорданов и додаде дека деновиве започнала распределбата на бесплатни униформи во сите основни училишта за ученици до петто одделение.

Јорданов потенцира дека Штип продолжил да се развива и со нови инвестиции и во патната инфраструктура.

„Реконструирани се улиците „Питу Гули“ и „Џемал Биједиќ“ како и улицата „Кежовица“. По пет децении целосно е реконструирана и повторно ставена во функција улицата „Борис Кидриќ“. Во месноста Бело Брдо и населба Леваци се реализира целосна реконструкција на патната инфраструктура стара над 60 години. Започната е градежната активност и за нова сообраќајница која ги поврзува улиците „Тодор Коларов“ и „Мирче Ацев“ со што се подобрува пристапноста до средното училиште „Јане Сандански“ и новата Клиничка болница со што ќе се намали и сообраќајниот метеж“, информира градоначалникот Иван Јорданов.

Првиот човек на Штип говореше и за паркинзите, обиколницата, водоснабдувањето...

„Веднаш до зградата „Промаја“ изградена е нова катна гаража на три нивоа со капацитет за 50 возила, дополнително се обезбедени нови паркинг позиции во населбата Пребег, а нови паркинзи се изградени и во дворот на спортската сала „Јордан Мијалков“ и кај седумте кули на Економскиот факултет. Паралелно продолживме со капитални проекти изградба на обиколница, нови резервоари за вода како и изградба и реконструкција на мостови на река Брегалница. Работиме на создавање на нов зелен појас мега парк на површина од 70.000 метри квадратни покрај реката Брегалница“, информира градоначалникот.

Според Јорданов во делот на сообраќајот Штип е прва општина во државата која воведе софистициран и автоматизиран софтвер за евиденција и наплата во дејноста на јавните паркинзи.



„Поддршката за спортските клубови е поголема од било кога до сега, а во употреба е пуштена и нова спортска сала „Џексон“ со капацитет од 1.300 седишта која е вистински спортски храм на градот. Штип е и град на културата, две години по ред е организиран Д фестивал со што градот повторно беше еден од главните центри на културните и музичките случувања во Македонија. Продолживме со организирање и финансирање на „Макфест“, Астибо џез фестивал, Пастрмајлијадата, Штип Стрит фестивал, Пијано голден талент и други настани кои го промовираа Штип привлекувајќи посетители и носејќи дополнителни економски активности за локалните бизниси. Се ова е дел од поширокатa определба Штип да продолжи да се развива и да создава подобри услови за живот и повеќе можности за сите граѓани“, потенцира Јорданов.

> ***ЈОРДАНОВ: Верувам дека со континуирана работа и заеднички ангажман можеме да направиме Штип да биде уште подобро место за живеење, град со сигурна перспектива за идните генерации, порача градоначалникот Иван Јорданов.***

Според градоначалникот, во периодот кој што следи општината ќе продолжи со иста посветеност. „Ќе имаме нови проекти и активности но и јасна одговорност кон она кое го ветивме и кое го работиме за нашиот град и општината во целина“.

Градоначалниците од истокот ја поддржаа идејата за професионален театар за деца и млади



Т.Здравков

Проблемот со кучињата скитници ќе се решава регионално

Источниот регион да има професионален Театар за деца и младинци е иницијатива која доаѓа од група работници во културата предводени од актерот во Театар Штип Милорад Анѓелов, а оваа иницијатива е поддржана и од Советот за развој на ИПР кој го сочоинуваат градоначалниците од единаесет општини во регионот. За иницијативата нашиот весник пишуваше во минатиот број.

Иницијативата има за цел да создаде нови можности за културно творештво, едукација и уметнички развој на најмладата популација во регионот. Воспоставувањето на професионален театар за деца и млади би претставувало



Градоначалници од Источниот регион

значаен придонес кон збогатување на културната понуда, овозможувајќи им на децата и младите од сите општини да имаат подобар пристап до театарската уметност, професионални претстави и културни содржини. Особено значајна е регионалната димензија на иницијативата, која предвидува културните активности да бидат достапни не само во еден град, туку и за населението во целиот Источен плански регион. Ова беше речено на Советот на ИПР кој целосно застана зад истата препознавајќи го значењето на културата како важен сегмент во рамномерниот и одржлив регионален развој.

На седницата посебно внимание беше посветено и на младинските политики и создавањето нови можности за младите во регионот. Во таа насока, беше презентиран предлогот на младинските совети на општините Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица за воспоставување на Регионален кариерен центар поврзан со концептот на Internet Café.

-На седницата беше констатирано дека предложени концепт претставува современ пристап кон младинското информирање, кариерното насочување и развојот на професионалните вештини. Идејата е да се воспостави простор во кој младите ќе можат да добијат информации за можностите за образование, обуки, практикантство, вработување и професионално усовршување, како и поддршка при планирањето на нивниот понатамошен кариерен развој, ни рече Трајче Здравков, директор Центарот за развој на ИПР.

Според Здравков, Совеот на ИПР констатирал дека ваквиот центар би можел да има значајна улога во поврзувањето на младите со институциите, образовните установи, бизнис-заедницата и потенцијалните работодавачи. Дополнително, регионалниот пристап би овозможил размена на информации и искуства меѓу младите од повеќе општини, со што би се придонело кон нивно поголемо вклучување во општествените и економските процеси.

Проблемот со кучињата скитници и неговото квалитетно решавање исто так беше во фокусот на дебатата на градоначалниците од регионот во рамките на Центарот за развој на Источниот плански регион. Советот доби детални информации за потребните финансиски средства за реализација на предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источниот плански регион“.

-Станува збор за иницијатива која има за цел воспоставување системско и долгорочно решение за еден од предизвиците со кои се соочуваат општините во регионот и за истото потребно е да се изработи техничка документација физибилити студија која ќе даде одговор на сите аспекти за функционирањето на еден ваков регионален стационар. Дополнително, беа споделени информации за фактичкото функционирање на сличен реализиран проект во други региони, што овозможува разгледување на практичните аспекти, организацискиот модел и одржливоста на вакво регионално решение, вели Здравков.

Проблемот со кучиња скитници главно го имаат поголемите градови во регионот како Штип и Кочани, но во извесни сегменти тој е присутен и во дел од помалите општински центри.

Кој, што, како и зошто се градеше во минатото во Штип и општината? (1 дел)

Како, кога и од кои потреби се градени големите објекти во градот Штип низ неговата бурна и благородна историја? За помладите генерации да дознаат нешто повеќе на оваа тема, во неколку броеви на весникот ќе донесме информации за тоа. За споменување е дека голем број објекти се изградени и со средства од солидарните фондови на штипјани и работните организации како и со други, главно општински средства. Се работи за објекти кои квалитетно го подобрија животот во општината. Во овој број на весникот донесуваме информација за изграденото во период 1975-1980 година.

Во 24.05.1976 година беше предаден во употреба ново изградениот објект на Историскиот архив - одделение на Државниот архив на РМ да денес служи за потребите на Општините: Штип, Карбинци, Св. Николе, Лозово, Пробиштип, Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци, Виница, Делчево, Македонска Каменица, Радовиш, Кочани и Берово.

На 08.11.1976 година е предадена во употреба новата зграда на Собранието на Општината Штип.

На 18.03.1977 година отпочна изградбата на мостот на реката Отиња кај градската црква и мостот во Ново Село со што патничкиот сообраќај се насочи покрај реката Брегалница, наместо преку населбата Ново Село.

Новоизграденото основно училиште во населбата "8-ми ноември" е предадено во употреба на 11 Октоммври 1977 година.

На 04.05.1978 година е предадена во употреба новоизградената Народната депозитна матична библиотека "Гоце Делчев".

На 08.11.1978 дадена е во употреба здравствената станица за потребите на Лакавичкиот реаон, Лакавица 20-ти километар.

На 08.11.1978 година беше свечено дадена во употреба на Регионалниот компјутерски центар, сместен во еден дел на зградата на Собранието на Општината.

На 08.11.1978 година свечено отпочна новата театарска сезона во комплетно реновираната зграда на Народниот театар, со делото на Томе Арсовски "Скок преку кожа".

Во 1978 година предадена е зградата за дневен престој за деца во населбата "Баби", а во фаза на изградба беа уште две (во кругот на МК "Астибо" и во населба "8-ми ноември") со капацитет од 360 деца.

Истата година беа предадени во употреба салите за мали спортови во ООУ "Тошо Арсов" и ООУ "Ванчо Прќе".

На 24.02.1979 година е предаден во употреба Домот на културата "Ацо Шопов" и домот на ЈНА, сега простории на Универзитетот "Гоце Делчев" Штип.

Новоизградениот Здравствен дом (Поликлинички центар) е предаден во употреба на 08.11.1979 година.

На 08.11.1979 година дадена е во употреба првата фаза на автопатот Штип – Кадрифаково од источната магистрала од Штип до Миладиновци, со заобиколниците на Штип према Кочани и Радовиш. Во употреба го предаде потпретседателот на Собранието на РМ Мито Мицајков.

На 14.01.1980 е предадена новата зградата на сервисот на Здружението на возачите.

На 08.11.1980 година е дадена во употреба на училишната зграда на Електро-машински училиштен центар (ЕМУЦ) и детска градинка "Астибо".



Изградена е нова пошта во населбата "8-ми ноември", четири бензински пумпи (две во населбата Три чешми, едната кај стариот затвор (Дујлетот) и една на сообраќајницата што води кон Ново Село. Од продажбата на горива тогаш се преливаат многу средства во Општинскиот буџет.

Во период од 1975 до 1978 преку сојузна младинска работна акција "Плачковица `75 -`78" изграден е патот до планината Плачковица, со што се поврзаа планинските села. Со изградбата на патот се создадоа услови за подигање на викенд населбата и изградба на планинарски дом. Првата делница Баргала – Калаузлија од патот Штип – Плачковица се даде во употреба на 08.11.1976 година.

Предадени се во употреба ново изградени водоводи во селата: Таринци (08.11.1976 година), Крупиште (03.07.1977 година). Лесковица (20.12.1978 година), Радање (1974 година), Драгоево, Карбинци, Чардаклија, Три Чешми – поврзан со градскиот, Долани, Д. Балван (08.11.1976 година.). Изградени се и модернизирани неколку локални патни правци во селски населби: за Лесковица (1976), со мостот на реката Крива Лакавица, Долни Балван – Таринци со мост на реката Брегалница, до Софилари со мост на реката Крива Лакавица, патните правци Пиперово, Ново Село, Брест, Горачино, Танатларци, Долани, Луботен, изградени и асвалтурани на улиците во с. Крупиште.и други.

Изгубени во преводот



Судија, пред почетокот на судењето, барам да извршам увид во доказите на обвинителството''.

Судијата: „Не ве разбирам'' - на албански јазик.

„Не може да ве разбере'' – ми дофрла обвинителот, етнички албанец.

„Не можам ниту јас да ве разберам судија. Обвинетиот исто не ве разбира тој е етнички влав, кој одлично познава македонски јазик, но не и албански''.

Судијата: „Се' уште не можам да ве разберам, слаб сум со правна терминологија на македонски јазик'' - повторно на албански.

Се прекинува судењето. Се одлага на неопределено време, кога судот ќе обезбеди преведувач (односно министерсвото за финансии одобри вработување на таков) за мене како адвокат, за обвинетиот, за записничарот кој го води записникот, и за некои од останатите учесници во постапката.

Вакво сценарио, може да стане реалност за неколку години, доколку колегите етнички албанци, се изборат за како што велат „своето право да полагат правосуден испит на албански јазик''. Сценарио, на кое добро би му прилегал насловот – „Изгубени во преводот''.

Уште во римско, се сфатило значењето на јазикот како на код за сеопшта комуникација. Така, тие антички бистри глави, рекле латинскиот јазик и латинско писмо, ќе бидат „lingua franca'', или во современ контекст, службен јазик за секоја територија со која владеале римјаните, а како би го олесниле функционирањето (постоењето) на империјата. Сега, после неколку илјадници години, сме во ситуација да го доведиме во прашање функционирањето на нашиот правен систем, токму поради тоа што, чинам сме ја подзаборавиле суштината на јазикот. Да се искажеме, да се слушнеме, да се разбереме.

Во време на кадровски недостаток, што од судии, што од обвинители, што од администрација. Или согласно последниот извештај на судскиот совет, пополнетоста на судските места изнесува 65% од предвидените работни места согаласно систематизација, додека пополнетоста на судската служба инесува само 38% од предвидените работни места согаласно систематизација. Следствено на ова, и бројката на нерешени предмети која за 2026 година изнесува повеќе од 147.000 предмети. Што пак значи пробиени рокови, и неизвесна правда. Неможноста да се разберам на судењето со колегата етнички албанец, дотолку повеќе би ја девастирало состојбата во судството.

Затоа во предвечерието на нови протести, еден јавен апел, порака или како сакате, до моите колеги етнички албанци:

Ајде да гледаме на македонскиот јазик како на средство на меѓусебно разбирање и комуникација, како на нужен прагматизам, како на премолчен договор за „lingua franca''. Не како на чин на некаква страшна и недај боже мајоризација, туку како на просто упростување на нештата. Ајде прво заеднички на јазикот на кој се разбираме да се изборите за подобра состојба во еден од најчуствителните сектори во државата, да се изборите да ги подигнеме стандардите давајќи и предност на приоритетитните прашања, што на крајот би резултирало со извештај во кој ќе се вели дека македонските судови успешно се справиле со приливот на нови предмети за годината таа и таа. Па во едни такви понормални, посовремени, да не речам дигитални услови, да почнеме да разговараме за водење на постапки на албански јазик, со обезбедени симултани преводи и преводи на акти, што впрочем како право и со закон ви е загарантирано.

Ајде да гледаме на македонскиот јазик како на средство на меѓусебно разбирање и комуникација, како на нужен прагматизам, како на премолчен договор за „lingua franca''. Не како на чин на некаква страшна и недај боже мајоризација, туку како на просто упростување на нештата

До тогаш, а во името на заедно поставени вишни цели, да не го чекаме преведувачот и да го завршиме судењето!

М-р Аљоша Кацаров, адвокат

Штип има светски младински шампион во карате: Марко Џорлев


Марко Џорлев

Марко Џорлев, 15 годишен ученик во Гимназијата „Славчо Стојменски“ е момчето кое во Штип го донесе првиот златен медал во карате за Македонија од едно светско првенство. На преубаво осмисленият дочек на Марко во големата сала на Општина Штип, во исто така убавиот говор, светскиот шампион покажа и докажа дека е едно мошне интелигентно момче, ученик во прва година во гимназијата „Славчо Стојменски“ поседува значајни говорнички вештини, голема позитивна енергија и јасен поглед кон својата спортска и во секоја друга смисла иднина.

„Златниот медал и насловот светски шампион во карате во младинска конкуренција потекнува од пред десет години. Во 2016 година, на петгодишна возраст, јас започнав да тренирам карате во карате клубот Штип, најдобриот клуб со најдобрите тренери браќата Сашко и Жарко Арсовски“, рече Марко Џорлев.

Ова момче најголемиот успех на македонското карате го направи годинава на Светското првенство во карате во Бјелско-Бјала, Полска! Со неверојатни пет последователни победи и вкупен поен - сооднос од фантастични 34:8, овој 15-годишен кадет во категоријата до 63 килограми им одржа вистинска лекција на своите противници.

Во финалниот меч, Марко тактички го надитри Адам Баги од Унгарија со 4:1, покажувајќи невидена зрелост и големо спортско срце.

„Бескрајно сум им благодарен на моите родители од кои ја имам целосната поддршка да се бавам со спортот кој многу ми значи. Од првиот момент кога дена да станам светски шампион. Тоа е сон на секој спортист во секој спорт. Мојот сон го остварив уште во младинска конкуренција. Љубовта кон карате ја имав од првиот ден кога започнав да тренирам, а како течеше времето таа љубов стануваше се поголема и тој мој став ме деоведе до овој резултат до највисокиот светски трон во карате“, посочи Марко.

Младиот шампион вели дека секое утро се будел со мисли за карате, заминувал на тренинг, па потоа на училиште и кога на пладне се враќал дома цело семејство седнувало на трпеза а тој брзал со ручекот и тргнувал кон салата на попладневен тренинг. Пред секој борба правел анализи сонувајќи големи нешта за големи резултати.

„Кога на десет години почнав да се натпреварувам долго во ноќта седев пред ТВ и заедно со родителите ги гледав борбите на сениорите. Имаше еден познат спикер, главен спикер на светските првенства, тоа е Бил Бренан од Англија, а јас си замислував како влегувам во финале, а тој ме најавува мене, а токму тоа се случи на првенството во Полска, па кога заврши мојата борба во финалето Бил ме најави со зборовите – Марко Џорлев е светски шампион“, коментираше Марко пред полната сала во Општина Штип.

МАРКО: Пред финалната борба силна мотивација добив од мојот татко Дарко кој ми рече „Среброто ти е на вратот, и да стоеш за цело време на подиумот, но ти оди и замени го среброто со злато. Тоа ми беше силна мотивација и јас тоа и го направив...

Пред финалната борба силна мотивација добил од неговиот татко Дарко кој му рекол: „Среброто ти е на вратот, и да стоеш за цело време на подиумот, но ти оди и замени го среброто со злато“. Јас тоа и го направив, рече Марко. Шампионот се заблагодари на своите тренери Сашко и Жарко Арсовски и рече дека без нивното знаење и посветеност на децата кои ги тренираат тој немало да успее.

За родителите тако му Дарко и мајка му Милкица рече дека секогаш му биле најголема поддршка и во победите и во поразите. Марко упати благодарност и кон неговите школски другари и наставниот кадар на Гимназијата, а посебно му се заблагодари на Александар Ванев, спортски новинар во М НЕТ ТВ, за кого рече дека медиумски ја следел неговата кариера од првите негови карате денови.

ЈОРДАНОВ: Го имав тоа чувство...

Градоначалникот Иван Јорданов му честита на светскиот шампион Марко Џорлев за неверојатниот



Иван Јорданов и Марко Џорлев


Жарко Арсовски


Сашко Арсовски

успех со укажување дека кога од неговиот тренер Жарко Арсовски дознал дека Марко влегол во финалето, имал чувство дека тој ќе стане светски првак:

„Да, го имав тоа оптимистичко чувство, чувството дека Марко ќе биде светски шампион иако не знаев што тоа точно значи. Кога утредента добив порака од вториот негов тренер Сашко Арсовски дека имаме светско злато, сам во себе си поставив неколку прашања за кои не добив одговор. Како е можно момче од Штип да биде светски првак помеѓу илјадници негови врсници од цел свет кои вложуваат исто толкав труд и имаат иста мотивација? Каква е таа сила и енергија која овозможила Марко да биде прв во светот“? – рече градоначалникот Јорданов.

Според првиот човек на градот, таа енергија кај Марко прво ја создале неговите родители, потоа неговите тренери, клубските другари и на крајот самиот Марко кој верувал во себе и верувал во господ. Таа синергија овозможила Марко да стане светски првак, а Штип и Македонија да се прослават во цел свет.

„Ја користам оваа прилика да им честитам и на неговите родители што го воспитале златното момче и му го трасирале патот кон вистинските вредности, ја користам приликата да им честитам на неговите тренери Сашко и Жарко Арсовски кои му го вградиле победничкиот карактер и со тоа му го трасирале на Марко патот кон успехот и им честитам на неговите клубски другари“, посочи Јорданов.

На крајот тој на Марко му испрати порака со следнава реченица: „Марко, ти си млад по години, но големи се твоите спортски дела“!

БРАЌАТА АРСОВСКИ: Штип доминира во карате...

Сашко Арсовски, еден од двајцата браќа тренери на Марко, на церемонијата посочи дека тие во КК „Штип“, заедно со неговиот брат Жарко, како тренери имале една голема цел – да создадат светски првак во карате спортот.

ЈОРДАНОВ: Шампионската енергија кај Марко прво ја создале неговите родители, потоа неговите тренери, клубските другари и на крајот самиот Марко кој верувал во себе и верувал во господ. Таа синергија овозможила Марко да стане светски првак, а Штип и Македонија да се прослават во цел свет...

„И ете, Штип и Македонија денес го имаат најдобриот во светот - Марко Џорлев. Со брат ми ги следевме сите борби на Марко, тој за време на борбите ја искористи својата висока интелигенција, своето искуство и дојде до светското злато“, рече Сашко Арсовски.

Неговиот брат Жарко се заблагодари за, како што напомна „прекрасниот пречек на светскиот шампион Марко“ со напомена дека ваквиот пречек значи дека некој многу го ценел нивниот труд. “Горди сме на тоа што во една линија се седнати четворица светски медалисти (во првиот ред покрај Марко, Сашко и Жарко носители на европски и светски медали беше и Емил Павлов кој во 2014 и 2015 година се искачи на европскиот врв), а во Македонија ги има само уште еден до двајца, што говори дека Штип доминира со каратисти кои донеле медали од европски и светски првенства“, рече Жарко Арсовски.

Целиот настан прекрасно го водеше студентката Искра Постолова.



Значајна награда за Стефан Ончев на меѓународен натпревар во Италија



Стефан Ончев, ученник во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ во Штип од класата на проф. м-р Марија Максимова, освои специјална награда со максимални 100 поени на меѓународниот натпревар Alma Academy List Music Art кој се одржа во Италија, во периодот од 22 до 25 октомври.

Како круна на овој извонреден успех, Стефан зеде учество и на концертот на победниците, претставувајќи се со својот талент и музичка умешност.

Искрени честитки до Стефан за постигнатиот успех како и до неговата професорка, проф. м-р Марија Максимова, пристигнаа од повеќе страни. Стефан Ончев е голема надеж како пијано уметник, што го потврдува и ова признание од престижниот музички фестивал во Италија.





ЗА РАЗГОВОРОТ

Пишува:
Ристо Божидар Аризанков

Разговор по дефиниција е процес на вербална или невербална комуникација помеѓу две или повеќе лица, во кој се разменуваат мисли, идеи, информации, чувства или ставови. Основни карактеристики на разговорот се: Двонасочност: Бара активно учество од сите страни (слушање и зборување).

Контекст: Може да биде формален (деловен, официјален) или неформален (секојдневен, пријателски).

Цел: Служи за информирање, зближување, решавање проблеми, преговарање или едноставно социјализирање.

Разговорот секогаш се води на ниво на поглупавите.

Ова е изреката на Воја Станиќ, сликар и скулптор од Херцег Нови, можеби сте ја слушнале од Антоније Пушиќ, професионално познат како Рамбо Амадеус.

На пример.

Ако едно лице знае да брои до илјада, другото до сто, разговорот мора да се води на ниво на ова лице кое знае да брои до сто.

Бидејќи тој дури и не е свесен дека има нешто поголемо од сто.

Таа изрека значи дека во дискусија меѓу двајца луѓе, нивото на комуникација и аргументи честопати се сведува на оној кој знае помалку или има полошо владеење на темата. Значењето на изреката „Попаметниот мора да се прилагоди“. Оној кој е во право губи време докажувајќи основни работи. Никој не може да разбере аргументи кои се надвор од неговото знаење.

Со некои луѓе не можете нормално да разговарате. Не е тоа дека тие луѓе се глупи или дека не си добро објаснил, туку затоа што тие луѓе не ги слушаат аргументите, единствено што во тоа гледаат како да се нападнати. И токму овде почнува фанатизмот.

Фанатикот не ја брани само идејата, тој се брани и себеси. Кога некој својата нација, својот водач, својата партија, својата теорија на заговор, движење, па и верата, ќе ја претвори во сопствен идентитет, на таквиот човек секој факт му станува навреда. И додека ти му расправаш со докази, тој мисли дека му го рушиш целиот свет. И затоа расправијата со такви луѓе воопшто нема смисла, бидејќи тоа воопшто не е разговор за она што е вистина, тоа всушност е одбрана на сликата која тој човек ја изградил за себе.

Во книигата The True Beliver напишана во 1951 година од Eric Hoffer додека ја читаш имаш чуство како да опишува за денешните коментари на социјалните мрежи, политички расправии, секти, навивачки глудници и теориите на заговор. Хофер вели дека луѓето не влегуваат во движење/партија само затоа дека ја пронашле вистината, туку влегуваат во тие движења/партии барајќи припадност и смисла. Бараат непријател, бараат нешто што е поголемо од нив самите.

И ете зошто фанатизмот е толку опасен. Фанатикот нема да ви каже, чекај па можеби сум бил во криво. Тој ќе рече ,, Јас сум вистината”. Тој тоа ќе го тврди, а кога некој мисли дека тој е вистината, тогаш повеќе нема разговор со таквиот човек. Можеш само да го гледаш како го брани sидот кој сам го изградил. И ете, овде е проблемот. Ти мислиш дека разговараш за факти, додека фанатикот го брани својот идентитет.

Често пати личноста на која и зборувате не може да сфати бидејќи има погрешни или потполно различни убедувања или нема капацитет нешто да сфати. Затоа, ако мислите дека таа личност не го слуша вашето мислење, не разбира, па дури и не се обидува да разбере што и зборувате, не губете време и енергија на таа личност и на докажување на себе и своето мислење на останатите.

Една поговорка вели: Реката се запознава со пливање, а човекот со разговор.

Многу пати паметниот човек ќе замолчи за да разбере и кога ќе разбере - замолчува.







Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

ТОЈ ШТО НЕ ГИ ПОЧИТУВА РОДИТЕЛИТЕ КРАТКО ЖИВЕЕ, А АКО ЖИВЕЕ, ЖИВЕЕ КАКО НИКАКВЕЦ

Мајка ми велеше: „Еден ден, кога ќе ме снема, ќе се сеќавате на моите зборови. Тогаш ќе ви текне дека не сум ве учела на лошо, не сум ве карала за да бидете полоши, туку подобри.“

Во право била мајка ми, зашто речиси и да нема ден кога нема да се сетам на нејзините зборови, на нејзините укори и поуки, иако немаше повисоки квалификации од оние што ја врзуваа за работното место предачка во памучната индустрија.

Во „Елиптиките“ на Душко Наневски, врвен македонски интелектуалец, бев прочитал, парафразирам - За шумата да се нарече шума, човекот требало долго да ја слуша како шуми. Златните животни правила што народниот генијг и испраќа во јавноста не се случајни, туку се резултат на најскапиот учител во животот – искуството.

Ако ти кажат дека лагата има кратки нозе, веруваj. Немој никогаш да лажеш, зашто бргу можеш да останеш без образ и без перде.

Ако ти кажат дека оној што лаже и краде, веруваj. Немој никогаш да лажеш, зашто следниот чекор е крадењето. Кога нема да имаш свое со што да ја покриеш лагата, што ќе ти остане, ако не туѓото, украденото? Убав пример за тоа дава Тесла: „Не ми е криво што ми ги крадат идеите, криво ми е што немаат свои.“

Ако ти кажат дека во стравот се брзи нозете, веруваj. Убав пример за тоа се криминалците. Криминалот е како отворен чадор над животната заедница. Криминалци има во сите сегменти на заедничкото живеење. Неможноста на органите на прогонот, во повеќето случаи, да ги фатат е јасна потврда на наведената сентенца.

Ако ти кажат дека сè се враќа и сè се плаќа, веруваj. На прашањето „Кој ќе им дојде до глава на криминалците?“, професорот Марјановиќ одговори кратко и јасно: „Господ“. По негодувањето на присутните на панел-дискусијата, додаде: „Кажете ми кој криминалец умрел опкружен со украденото богатство и од природна смрт?“

Ако ти кажат дека јазикот коски нема, а коски крши, веруваj. Треба да се внимава што ќе се каже и каде ќе се каже. Пред некој ден прочитав дека поетот Абдула Сидран, во една од своите интимни исповеди, изјавил оти во нивната куќа, особено за време на ручекот, кога сите седеле околу масата, воопшто не се зборувало, особено не за она што било и што се случило. Татко му бил повратник од Голи Оток.

Никој од нашата куќа не беше на мерникот на државата, ама мама, постојано седната на масата за ручање, кога тато и дедо ќе започнеа муабет во кој се говореше за власта, велеше дека и sидовите имаат уши.

Уште од малечок ме учеа да го врзувам јазикот за забите, да ѝ давам предност на тишината.

Како што стареам, така забите ми ја напуштаат устата, а одврзаниот јазик ја губи смислата.

Како апологет на верската припадност, мама забрануваше да се говори, особено да се смее за време на ручекот. Забраната ни ја упатуваше нам, децата. Ако зборувавме, поточно, ако се смеевме за време на ручекот, ќе сме се оженеле, односно омажиле, со припадник на друга вера.

Ова писание ќе ја изгуби смислата ако не ја спомнеме мајката на обвинетиот судија за корупција. Мајката која во судницата, за време на рочиштето, пред судијата и пред целата македонска јавност, безочно почна да лаже, да ги губи образот и пердето, да си ја погазува честа за да го спаси синот никаквец.

Никаквец е не само затоа што е корумпиран, туку и затоа што не ги почитува родителите – кутрата му мајка.

Нема да биде на одмет, на крајот од ова писание, да се потсетиме на стиховите од песната на Сергеј Есенин „Сè што живее има лузна“:

Исплашен пред мајка ми, кога ќе се појавев,
крвавите усни темни зборови цедеа: „Ништо, де! Се сопнав од камен, а утре сè ќе зарасне.“





PISA НЕ Е ПРЕСУДА, ТУКУ ОГЛЕДАЛО: КАКО ПОНАТАМУ

Пишува:
Роберт Аџипетров

Секои три години, со објавувањето на резултатите од PISA, се повторува истото сценарио: неколку дена алармантни наслови, политичко префрлање вина, по што темата исчезнува до следниот циклус. Тестирањето PISA 2025 воопшто не е исклучок од оваа општо позната пракса во нашата држава. Македонските ученици имаат 380 поени по математика, наспроти 463 во ОЕЦД, 357 по читање и 378 по природни науки. Само 26 отсто го достигнуваат основното ниво за читање, 32 проценти по математика и 36 проценти по природни науки. Вака претставена состојбата секогаш е сфатена како ранг листа, перцепција исправна само доколку status quo е посакуваната состојба. **PISA всушност претставува „крвна слика“ и е потребно да ја читаме како дијагноза**.

Историски гледано, најдобриот резултат го постигнавме во 2018 година, а четири години подоцна следуваше повторно пад. Најголемиот скок 2018 беше кај читањето, додека пак ова не беше така изразено и кај математиката и природните науки, кон кои парадоксално во период пред тоа беа насочени реформите. Пред најдобриот резултат, системот помина низ две големи интервенции, екстерното тестирање и Кембриџ програмите. Двете беа предмет на жестоки политички дебати, а ниту една не беше сериозно евалуирана. Непостоењето на континуитет во политиката оневозможува систематска проверка на постигнувањата, па затоа не можеме да тврдиме дека екстерното тестирање ги подобрило или уништило резултатите, ниту дека неговото укинување влијаело спротивно. Кај Кембриџ програмата постои слаб сигнал за позитивен ефект кај математиката, од проста причина што генерациите кои најмногу биле изложени на оваа програма го задржаа нивото низ различни периоди на тестирање. Денес кога би ги прашале наставниците каде лежи проблемот и како да ги подобриме PISA резултати, голем дел од нив би го посочиле екстерното тестирање, против кое истите во најголем дел беа против. Реалноста е дека воопшто и не треба да се дава простор на оваа тема, туку сериозно да се сфати вистинскиот системски недостаток во Македонија, а тоа е дека проблемот не е во тоа дали реформите беа добри или лоши, туку во праксата на воведување и укинување на цели системи без да знаеме што постигнале. Доколку се земе во предвид фактот дека се ова се прави за краткорочни политички поени, тогаш навистина плаќаме преголема цена за „глас плус“.

Главното прашање е како да продолжиме понатаму и низ што е потребно да поминеме за да имаме надеж за подобро утро со подобра „крвна слика“. За старт евидентно е дека на Македонија и е потребно ново национално оценување. Оценувањето би било на примерок ученици во клучните одделенија, со тајни задачи и без казни за наставниците. Тестирањата треба да ја мерат примената на знаењето, а училиштата да добиваат дијагностички извештај со конкретни препораки, по пример на матичен лекар кој ја гледа „крвната слика“. Понатаму читањето е потребно да се позиционира како национален приоритет. **Читањето со разбирање е основа за сите предмети и одговорност на целиот наставен кадар**, а не само на наставниците по мајчин јазик. Наставниот кадар процесот на настава е потребно да го базира на размислување. Задачите за примена и решавање проблеми треба да станат дел од секојдневната настава, од учебниците и од оценувањето, со обука на наставниците за формативно оценување.

Со оглед на тоа што образовниот процес е многу сличен на производствен процес потребна е анализа на податоците што ги имаме, а не нивно „голо“ презентирање на прес-конференција. Да не заборавиме, зборуваме за „крвна слика на производствен процес“, а не за ранг листа. Доколку вака се перцепира состојбата тогаш за секој елемент од реформата е потребно пилотирање. Јасни мерки на успех и независна евалуација низ процес на пилотирање и проширување на национално ниво исклучиво кога резултатот ќе биде видлив е чекор кој го користи секоја фирма која сака напредок во производство. На крај, успехот бара континуитет, па **образованието мора да има континуитет над изборните циклуси**.

Образованието е наше, а не на политичка партија, а Министерството за образование и наука мора да има приоритетна позиција, а не да служи за поткусурување во daily based politics. Впрочем PISA нема да се промени ако ја користиме како политичка палка. Ќе се промени кога ќе изградиме систем што знае да мери, да учи од сопствените грешки и да остане доследен доволно долго за промените да дадат резултат. Следниот циклус е во 2028 година, а генерацијата што ќе биде тестирана тогаш веќе седи во нашите училници.

Авторот е
(директор на Педагошка служба,
Министерство за образование и наука)

Јована и Тодор ни ги претставија роднокрајните приказни од библиотеката

Штип има бројни писатели родени во овој град, дел од постарата, дел од средната но и дел од помладата генерација. Националната установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, или поточно библиотекарите м-р Јована Рилак и Тодор Џидров одлучија преку наменски книги да ги остават во вечноста делата на дел од писателите родени во Штип со кои се направени инервјуа главно во овој наш весник Штипски Глас..

Имено, во библиотеката, пред бројна публика, беше промовирано делото „Роднокрајни приказни од библиотеката“, труд на м-р Јована Рилак, виш библиотекар и Тодор Џидров, библиотекар. Во книгата се поместени интервјуата на осуммина штипски писатели: Благој Самоников, Трајче Кацаров, Соња Стојменска Елзесер, Димо Димчев – Кувата, Ристо Лазаров, Блаже Китанов, Лидија Капушевска Дракулевска и Марија Емилија Кукубајска.



Марија Емилија Кукубајска, Тодор Џидров, Ристо Лазаров, Трајче Кацаров, Јована Рилак



Џидров и Рилак

Сите овие писатели се членови на Друштвото на писателите на Македонија.

Промотивна реч на настанот имаше писателот м-р Трајче Кацаров:

„Јазикот е најсилното национално обележје. Токму тоа на нас Македонците сакаат да ни го избришат. Сакаат, и тоа со сите сили, со сите средства. Безмилосно атакуваат на неговите корени како и на неговите цветови и плодови. Ние мора да сватиме дека силата на нашиот заеднички живот е во нашиот јазик. Ако ја ослабиме, патот до пропаста ќе ни биде краток“, рече Кацаров.



Тој потенцира дека ова е една од причините поради која Националната установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ од Штип во годината во која се слават 50 години од основањето на роднокрајното одделение, преку книгата „Роднокрајни приказни од библиотеката“ дава свој придонес во опстојувањето на линијата на одбраната на нашите духовни вредности, на нашиот национален идентитет.

На настанот говореше и м-р Ивана Биџовска, директорка на библиотеката која ги претстави приоритетите на најголемата библиотека во Источниот регион од национален формат..

Донесуваме неколку фотографии од промоцијата.



Изложба на 200 уметнички дела од 75 деца-членови на галерија Колорис АМ



Околу 200 уметнички дела, слики и цртежи, создадени од 75 деца кои навлегуваат во уметничките води преку изучување на убавата уметност во рамките на ликовната работилница на галеријата Колорис АМ беа изложени во уметничката Галерија 22 во Домот на култура „Ацо Шопов“. На отворањето на изложбата имаше многу народ што на малите уметници им даде нова енергија да продолжат да навлегуваат во најдлабоките тајни на уметноста под менторство на уметниците Боре Минов и Ана Ѓорѓева.

-Оваа работилница,курс,школа (како сакате) постои од 2019 година,кога за прв пат мојата дамнешна идеа,се реализира во стварност. Моето посериозно патување низ ликовната уметност, започна дамнешната 1987 година, со мојата прва самостојна изложба на полуостровот Пељешец на јадранската приморје,во тогашната Југославија.Во 1989 год, ја отворив и првата моја галерија во Штип, која до денес, на различни локации, постојано е отворена. Во летниот период, во тие години,отворив и неколку галерии на јадранската ривиера. Во 2018 година Галерија Колорис,беше отворена и во Клостерс,близу Да- вос,на швајцарските алпи, која поради короната не опстоја. Овие искуства, и искуствата од повеке самостојни и групни изложби, учеството на повеќе меѓународни и локална колонии, отуѓените повеќе од 2.000 дела кои се наоѓат во дваесеттина земји во светот, решив да ги споделам со младите ентузијасти од Штип, кои имаат интерес и афинитет за ликовната уметност. Тоа се покажа како точна претпоставка,во која немав сомнеж ни во еден момент, па се јави потреба за формирање и на група возрасни. Во моментов нашите работилници, часови, се посетени од околу стотина членови, што е една импозантна бројка за Штип, ни рече уметникот Боре Минов, сопственик на Галерија Колорис АМ.

Идеата за овие работилници не беше тие да бидат во стилот на класичното образование,туку нешто сосема поинакво и ново, полежерно, низ игра, со посветеност на секого посебно,со мотив да се постигнат покомплексни цели,како што е самодовербата кај детето, социјализацијата, анализирање на потсвесни емоции, поточно најважен да биде психолошкиот ефект кој ликовната уметност го врши врз нашите членови, додава Минов.

Во одржување на работилници на кои стотина деца и возрасни ја изучуваат сликарската уметност, на Боре му помага неговата колешка Ана Ѓоргева,со која делат слични идеи и ставови во врска со тоа што тие го работат и засега одлично им оди.

Бројот на членови на ова атеље покажува каков е интересот за ликовната уметност во Штип. Дефинитивно таленти има. Минов вели дека тоа него посебно го радува зашто тој секој ден позитивно се изненадува колку од тие мали глави излегуваат нови и интересни креации.

-Сликите изработени во нашата работилница се сопственост на учесниците но во договор со нив, често се ставени и на продажба што претставува уште едно ново искуство и поттик и мотив за понатамошна работа и усовршување.

Во време на енормно брз развој на технологијата кога во интерес на профитот ниту едно дете не е поштедено од негативностите на овој тренд, сметам дека низ процесот во нашите работилници, барем малку помагаме во правилен, ментален развој на нашите деца, коментира Боре Минов.



Во Штип се играше европска одбојка

Новоизградената спортска сала „Џексон“ беше сефтосана со европска одбојка. Одбојкарскиот клуб Штип УГД, како првак на Македонија и учесник во Лигата на шампионите се соочи со холандски Орион Старс. Нашиот тим загуби со 3:2 но преполната сала беше супер задоволна од првиот европски настап на една наша екипа во колективен спорт.



ОК Штип УГД загуби со 3:2 откако претходно како гостин загуби поубедливо со 3:0. Но играта што ја демонстрираше штипскиот клуб дава надеж за иднина во која ќе дојдат и победите. Клубот продолжува со европски натпревари, сега во ЦЕВ купот.

На натпреварот во „Џексон“ македонскиот репрезентативец Александар Љафтов со 17 поени беше најдобар на теренот додека Стојан Илиев оставри 15 поени.

Во првото коло од ЦЕВ купот нашиот одбојкарски шампион е слободен зашто обезбеди директен пласман во главната рунда и ќе игра со италијанска Пјаченца. Првиот натпревар од двомечот Штип УГД го игра на домашен терен во салата „Џексон“ во Штип на 9 декември (среда) од 19 часот. Реваншот, пак, е закажан за 6 јануари 2027 година во 18 часот, во салата „Палабанка спорт“ во Пјаченца, Италија. Би требало италијаните да се фаворити бидејќи оваа земја е во самиот врв на светската одбојка, но и Штип УГД не треба прерано да се отпишува.

Треба да се истакне дека салата беше исполнета со околу 1.300 следачи на натпреварот кои силно го бодреа нашиот тим.

ОК Штип УГД продолжува во Европа во главната рунда на ЦЕВ купот каде ќе игра со италијанска Пјаченца. Првиот натпревар од двомечот ќе се игра во салата „Џексон“ во Штип на 9 декември (среда) од 19 часот. Реваншот е закажан за 6 јануари 2027 година во 18 часот, во салата „Палабанка спорт“ во Пјаченца,

–„Со изградбата на Џексон добивме убав спортски објект со комоција и за нас гледачите, мислам дека нема да пропуштам одбојкарски или каков вид друг натпревар, а да не го гледам. Амбиентот е преубав и вреди да се биде тука и да се бодрат нашите екипи“, ни изјави Стојан Лазаров, поранешен спортист.

За одбележување е и фактот дека пред почетокот на сезоната Штип УГД го освои и Суперкупот на Македонија.

Се среќаваат двајца пријатели, студенти.
-Што студираш пријателе, прашува едниот
-Логига, психологија, философија, одговорил пријателот.
-Па во што е разликата?
-Еве, сега ќе ти објаснам: Среќаваш двајца, еден чист другиот извалкан. Кој од нив прв ќе се избања?
-Па извалканиот.
-Не е точно, чистиот бидејќи тој е навикнат да се бања. Тоа е чиста психологија, ај пак да те прашам: пак среќаваш двајца еден чист другиот извалкан. Кој ќе се избања?
-Па чистиот, оти е навикнат.
-Не е точно, ќе се избања валканиот бидејќи е валкан. Тоа ти е логика.
Значи пак среќаваш двајца, едниот чист другиот извалкан, кој ќе се избања?
-Е*али му мајката.
-Ете гледаш, тоа е философија.

Разговараат жена и маж:
-Сонував дека сум била во Сити Мол да си купам убава гардероба, рекла жената.
-А јас сонував дека сум бил со две млади жени кај мене дома, рекол мажот.
-А јас бев ли една од нив, прашува жената.
Не бе жено, ти беше во Сити Мол да си купиш убава облека...

Ром на испит за возачки испит:
-Каков е овој знак, прашува испитувачот.
-Вака како што гогледам на алуминиум ми личи, рекол ромот.

Дваесет годишна девојка има потреба од:
Дваесет годишен маж за шок.
Четириесет годишен маж за шик.
Шеесет годишен маж за чек.

Човек оди во продавница, но заборава што му рекла женаму да купи.
Се јавува во полиција и вели:
Вие полицијата не ли прислушувате разговори.
Секако, рекле од полицијата.
Браво, ај кажете ми што ми рече жената денес да купам.





ТР-МР



Размислува: Iv. BOJ

Македонија 30 години сака отворени граници со соседите. Тоа што не им успеа на сите власти им успеа на Артан Груби и на Ива Михаилова


Доаѓа зима. Улиците ќе ги прекриеме со сол, пепелта ќе си ја чуваме за да има со што да се посипаме по главата.

Леб или политика? За леб немаме зашто сите бистриме политика, за да имаме леб наместо за политика треба да се фатиме за мотика.

Кај нас нема нерешени прашања. Кај нас само одговорите се без решение.

Нашите национални телевизии ќе ги исполнат сите обрвски кон народот кога на екраните ќе зацарува темнината.

4	5							
		2		7		6	3	
							2	8
			9	5				
	8	6				2		
	2		6			7	5	
						4	7	6
	7			4	5			
		8			9			



ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата: Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник: Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник: Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.10.2026 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани, ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

Ш.Г.	**Хрватски тенисер (фотос)**	Расчле-нувачи	Главен град на Перу	Мала кучешка тенија	Река во Север. Америка	Артистк. Савина	Тантел
Оловна руда							
Воспале-ние на нокти-те							
Вид коприва							Италијан. пејачка
Пејачката Мајлс						Ампер / Град во Шпанија	
Никел			Разгоре. дрва и сл / Иван Точко				



Јапонски револуц. Сеити								Чешки фудбал. клуб	Красно-речи-вост	Италиј. композ. Антонио	Меѓунар. театарски институт	Котор	Диригент Тоскани
Италијан. режисер													
Антон Чехов			Пресме-тувач / Англиска музичка група										
Вавилон. бој на говорот и писмото					Итал. фк.клуб / Река во Србија							Тон / Ловец на китови	
Вулкан во Костарика						Карики / Стран. ж.име					Куманово / Муслим. машко име		
Ам. артист Мартин				Вера Ацева / Град во Пакистан			Ф.К. од Луксемб. / Ангстрем						
Шпанија		Град во Турција / Артист. Аџани						Муза на лир. поез. / Војв. фуд. стручњак Ференц					
Град во источна Македо-нија							Пејач Дасен / Река во Турција и Русија						Скијач Едалини
Питинеј. дива коза					Артис. Рејнолдс / Аргети. шахист Оскар					Фудбал. Хенес / Страо римски поздрав			
Корист				Наш рево-луционер / Историч Ливиј									
Ш.Г.	Наш балетан Тони Антимон										Ванила Ајс / Една нота		
Подго-твителна настава								Хемиски елемент / Азот					
Кал, глиб						Памучно предиво				Поетот Шопов			

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
по најповолни цени...



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA